# План за спроведување
# на проценка на влијанието на регулативата

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата |
| Министерство: | Министерство за внатрешни работи |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Весна Доревска, помошник на министерот во Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Февруари 2011 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Не |

| |
|---|
| Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата<br>(Забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот елетронски регистар на прописи) |

## А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?
Безбедноста на сообраќајот на патиштата претставува една од основните надлежности на Министерството за внатрешни работи, кое во процесот на практична имплементација на предметниот закон ја воочи потребата од модификација на одделни одредби, со цел нивно допрецизирање и овозможување доследна практична имплементацијаЕдна од причините поради која се предлага изменување и дополнување на законот е потребата од негово натамошно допрецизирање и континуирано подобрување, со цел зголемување на степенот на безбедност - како императив во областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

2. Кои се можните решенија (опции)?  Кои регулаторни или регулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ќе биде ревидиран во насока на содржинско допрецизирање на одредбите што се однесуваат на условите за основање и работа на автошколите, начинот на спроведување на практичниот дел на возачкиот испит и начинот на финансирање на годишната програма на Републичиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Министерство за внатрешни работи, како и надлежните правни субјекти за обука на кандидатите за возачи, како и субјектите надлежни за организирање и спроведување на возачкиот испит.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Во процесот на анализа и проценка на влијанието на регулативата достапни се решенијата содржани во прописите во областа на сообраќајот.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Во оваа фаза не се потребни дополнителни информации и податоци.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата – принцип на пропорционална анализа)?

Иницијална проценка на влијанието на регулативата

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Проценката на влијание на регулативата ќе биде извршена од страна Министерството за внатрешни работи